Бр.03-3740/2
31.12.2020
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

1. По Барање за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] од 22.12.2020 година, заведен под Наш арх. број 03-3740/1 од 22.12.2020 година, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ја доставува бараната информација.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Барателот [redacted] од Скопје , поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Агенција за вработување на Република Северна Македонија, ( заведено под Наш арх.број 03-3740/1 од 22.12.2020 година).

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија го разгеда Брањето, па согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение и бараните информации се доставуваат до Барателот во прилог на ова Решение (како три посебни прегледи – табели со бараните податоци).

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.
Со почит,

**Службени лица за посредување**
**на информации од јавен карактер**
Едвин Муковиќ
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска

Согласен: Флора Љачи – Раководител на Сектор
Горан Петковски – Раководител на Оддление
Марина Зафировска – Раководител на Оддление

Директор
Abdush Demiri